Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 22 јануари 2024 година
Бр. 41- 715/5

**До**
**Претседателот на Собранието**
**на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Ви поднесува Предлог на закон за дополнување на Законот за правосудниот испит, што го утврди на седницата, одржана на 22 јануари 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и м-р Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Маја Богоевска, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ:

Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ:

м-р Кренар Лога, министер за правда

Викторија Аврамовска Мадиќ, заменик на министерот за правда

ПОВЕРЕНИЦИ:

м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и

Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда

PROPOZUES:

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

PËRFAQËSUES:

mr. Krenar Lloga, Ministër i Drejtësisë

Viktorija Avramovska Madiq, Zëvendësministër i Drejtësisë

TË AUTORIZUAR:

m-r Muhamed Toçi, Sekretar Shtetëror në Ministrinë e Drejtësisë dhe

Valentina Shaurek, Këshilltare Shtetërore në Ministrinë e Drejtësisë

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

# PROPOZIM LIGJ PËR PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PROVIMIN E JURISPRUDENCËS

Скопје, јануари 2024 година

Shkup, janar 2024

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Донесувањето на Закон за дополнување на Законот за правосудниот испит произлегува од потребата за негово усогласување со одредбите од Законот за употреба на јазиците за полагање на правосудниот испит.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Законот чие донесување се предлага се заснова врз истите начела врз кои се заснова основниот текст на закон.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Законот нема да предизвика дополнителни фискални импликации.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Донесувањето на Законот нема да предизвика дополнителни обврски за одделни субјекти.

HYRJE

I. VLERËSIMI I SITUATËS NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME KËTË LIGJ DHE ARSYET E MIRATIMIT TË LIGJIT

Miratimi i Ligjit për plotësimin e Ligjit për provimin e jurisprudencës rrjedh nga nevoja e harmonizimit të tij me dispozitat e Ligjit për përdorimin e gjuhëve për dhënien e provimit të jurisprudencës.

II.QËLLIMET, PARIMET DHE ZGJIDHJET THEMELORE TË PROPOZIM-LIGJIT

Ligji miratimi i të cilit propozohet bazohet në të njëjtat parime mbi të cilat bazohet teksti themelor i ligjit.

III.VLERËSIMI I IMPLIKIMEVE FINANCIARE NGA PROPOZIM-LIGJI NDAJ BUXHETIT DHE MJETET E TJERA PUBLIKE FINANCIARE

Miratimi i Ligjit nuk do të shkaktojë implikime financiare shtesë.

IV.VLERËSIMI I MJETEVE TË NEVOJSHME FINANCIARE PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNA PËR ATË NËSE ZBATIMI I LIGJIT TËRHEQ OBLIGIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË VEÇANTA

Miratimi i Ligjit nuk do të shkaktojë obligime shtesë për subjekte të veçanta.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Член 1

Во Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19), по членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

,,Член 4-а

Испитот се полага на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку кандидатот зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, испитот може да го полага на јазикот кој го зборува и неговото писмо.‘‘

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

PROPOZIM LIGJ PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PROVIMIN E JURISPRUDENCËS

Neni 1

Në Ligjin për provimin e jurisprudencës (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut”, nr. 190/19), pas nenit 4 shtohet nen i ri 4-a, i cili thotë:

“Neni 4-a

Provimi do të jepet në gjuhën maqedonase dhe në alfabetin e tij cirilik, ndërsa nëse kandidati flet gjuhë të cilën e flasin së paku 20% e qytetarëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut, provimin mund ta jep në gjuhën të cilën e flet dhe në alfabetin e saj.‘‘

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e publikimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлог на Законот за дополнување на Законот за правосудниот испит содржи два члена.
Со членот 1 се врши дополнување на законот со додавање на нов член 4-а во насока на усогласување со одредбите од Законот за употреба на јазиците. Се предлага правосудниот испит освен на македонски јазик и неговото кирилско писмо да се полага и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и неговото писмо доколку кандидатот зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на Законот за дополнување на Законот за правосудниот испит.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Ќе се постигне усогласеност со одредбите од Законот за употреба на јазиците.

ARSYETIMI I PROPOZIM-LIGJIT

I. SQARIMI I PËRMBAJTJES SË DISPOZITAVE TË PROPOZIM-LIGJIT

Propozim Ligj për plotësimin e Ligjit për provimin e jurisprudencës përmban dy nene.
Me nenin 1 plotësohet dispozita ekzistuese duke shtuar një paragraf të ri (7) me qëllim të harmonizimit me dispozitat e Ligjit për përdorimin e gjuhëve. Propozohet që provimi i jurisprudencës të jepet në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe alfabetin e saj, nëse kandidati e flet gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Me nenin 2 rregullohet hyrja në fuqi e Ligjit për plotësimin e Ligjit për provimin e jurisprudencës.

II. LIDHSHMËRIA E NDËRSJELLË E ZGJIDHJEVE TË SHËNUARA NË DISPOZITAT E PROPOZUARA

Zgjidhjet e përmbajtura në dispozitat e propozuara janë të ndërlidhura dhe përfaqësojnë një tërësi juridike.

III. PASOJAT QË DO TË DALIN NGA ZGJIDHJET E PROPOZUARA

Do të arrihet harmonizim me dispozitat e Ligjit për përdorimin e gjuhëve.